# СЛУЖБЕ Н  Г Л А С Н И К

## НА

## ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА



| | | |
|---|---|---|
| **Службен гласник на Општина Крива Паланка**<br>**Издавач : Општина Крива Паланка**<br>**Излегува по потреба** | **Број 1**<br><br>**31.01.2023** | **Гласникот е бесплатен** |

Врз основа на член 36 став 1 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер (Сл.Весник на Република Северна Македонија „ бр.101/2019 ), член 14, точка 11 и 40 и член 71 став 1 од Статутот на Општина Крива Паланка, („Службен гласник на Општина Крива Паланка“ бр. 8/10 , 8/14 , 02/18 ,03/19 и 08/21), Советот на Општина Крива Паланка на седницата, одржана на 30.01.2023 година, донесе

**О Д Л У К А**

**За усвојување на Извештај за слободен пристап на информации од јавен карактер за 2022 година – Крива Паланка**

Член 1

1. Со оваа Одлука се усвојува Извештај за слободен пристап на информации од јавен карактер за 2022 година – Крива Паланка.

Член 2

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесување а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

**Бр. 09 – 379/3**
**30.01.2023 год.**
**Крива Палнака**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**Председател,**
**Изабела Павловска с.р**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02) и член 23 од Статутот на Општина Крива Паланка („Службен гласник на Општина Крива Паланка“ бр.8/10), Градоначалникот на Општина Крива Паланка, донесе

**З А К Л У Ч О К**

**за објавување Одлука за усвојување на годишен извештај за слободен пристап до информации од јавен карактер**

1.Се објавува Одлука за усвојување на годишен извештај за слободен пристап до информации од јавен карактер,што Советот ја донесе на 20-та седница, одржана на ден 30.01.2023 година

2. Одлуката да се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

3. Заклучокот влегува во сила од денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

**Бр. 08 –379 /4**
**31.01.2023 год.**
**Крива Паланка**

**ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**Градоначалник,**
**Сашко Митовски с.р**

Врз основа на член 36 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“бр.05/02) и член 14 став 1 точка 40 и 41 од Статутот на Општината Крива Паланка („Сл.гласник на Општина Крива Паланка“ бр.08/2010, 08/2014, 02/2018, 03/2019 и 08/2021), а во врска со Програмата за образование на Општина Крива Паланка за 2023 година бр.09-4665/9 од 07.12.2022 година, Советот на Општина Крива Паланка на седницата одржана на 30.01.2023 година, донесе

**О Д Л У К А**

**за доделување на еднократна парична помош на матуранти запишани во СОУ „Ѓорче Петров“ Крива Паланка во учебната 2022/2023 година**

**Член 1**

Со оваа Одлука се доделува еднократна парична помош на матуранти, запишани во СОУ „Ѓорче Петров„ Крива Паланка во учебната 2022/2023 година.

**Член 2**

Еднократната парична помош на матурантите изнесува 3.000,00 денари.

**Член 3**

За остварување на правото на еднократна парична помош од член 2 на оваа Одлука, матурантот е должен кон барањето да приложи потврда за редовно запишан ученик во четврта година за учениците од четиригодишното образование или во трета година за учениците од тригодишното образование во учебната 2022/2023 година заверена од СОУ „Ѓорче Петров“ Крива Паланка (оригинал) ,фотокопија од еден од наведените документи (извод од матична книга на родени или важечка лична карта или важечка патна исправа за матурантот), фотокопија од активна трансакциска сметка за матурантот .

**Член 4**

За спроведување на оваа Одлука се задолжува Одделението за финансиски прашања при Општина Крива Паланка.

Средствата за исплата на еднократен финансиски надоместок од членот 2 на оваа Одлука се обезбедуваат од Буџетот на Општина Крива Паланка.

**Член 5**

Оваа Одлука стапува во сила со денот на донесувањето, а истата ќе биде објавена во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

**Бр. 09- 379/5** **СОВЕТ НА ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**30.01.2023год.** **Претседател**
**Крива Паланка** **Изабела Павловска с.р**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02) и член 23 од Статутот на Општина Крива Паланка („Службен гласник на Општина Крива Паланка“ бр.8/10), Градоначалникот на Општина Крива Паланка, донесе

**З А К Л У Ч О К**

**за објавување Одлука за доделување на еднократна парична помош на матуранти запишани во СОУ Ѓорче Петров во учебната 2022/2023 година**

1.Се објавува Одлука за доделување на еднократна парична помош на матуранти запишани во СОУ Ѓорче Петров во учебната 2022/2023 година,што Советот ја донесе на 20-та седница, одржана на ден 30.01.2023 година

2. Одлуката да се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

3. Заклучокот влегува во сила од денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

**Бр. 08 –379 /6**
**31.01.2023 год.**
**Крива Паланка**

**ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**Градоначалник,**
**Сашко Митовски с.р**

Врз основа на член 36 став (1) точка (15) од Законот за локална самоуправа (“Службен весник на Република Македонија“ бр.05/02), член 14 став (1) точка (41) од Статутот на Општина Крива Паланка („Службен гласник на Општина Крива Паланка” бр. 08/10, 08/14, 02/18, 03/19 и 08/21), а согласно Програмата за млади на Општина Крива Паланка за 2023 година бр.09-4665/33 од 07.12.2022 година, Советот на Општина Крива Паланка на седницата одржана на ден 30.01.2023 година, донесе

# ПРАВИЛНИК ЗА УРЕДУВАЊЕ НА УСЛОВИТЕ, НАЧИНОТ И ПОСТАПКАТА ЗА КОРИСТЕЊЕ НА ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА ОД БУЏЕТОТ НА ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА ЗА СУБВЕНЦИОНИРАЊЕ НА СТУДЕНТИ ЖИТЕЛИ НА ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА ЗА КУПУВАЊЕ НА ДИГИТАЛЕН УРЕД

## I ОПШТИ ОДРЕДБИ

### Член 1

Со овој Правилник се уредуваат условите, начинот и постапката за давање финансиска поддршка на студенти кои спаѓаат во категоријата на млади, запишани на редовни додипломски студии од прв циклус на јавните и приватните универзитети и високо образовните установи во Република Северна Македонија и купиле на дигитални уреди за потребите на нивното високо образование.

Финансиските средства се предвидени во Буџетот на Општина Крива Паланка во делот на Помош и поддршка на младите и младите талети, со што ќе се изврши надоместување на дел од трошоците направени при купување на дигитален уред во првата студиска година.

Општина Крива Паланка (во натамошниот текст: Општината) дава поддршка на млади студенти преку поврат на дел од исплатените средства при купување на дигитални уреди (во натамошниот текст: средствата).

„Дигитални уреди“, во смисла на овој Правилник, се: десктоп компјутер, преносен компјутер, односно лаптоп или таблет;

„Млади" се лица на возраст од 15 до 29 години и

„Студент", во смисла на овој Правилник е лице кое се стекува со овој статус со запишувањето на прв циклус на студии на јавните и приватните универзитети и високо образовните установи во Република Северна Македонија.

### Член 2

Право на користење на финансиски средства од Буџетот на Општина, согласно овој Правилник имаат студенти кои спаѓаат во категоријата млади, со адреса на живеење на подрачјето на општина Крива Паланка, кои уредно ќе ја достават целокупната потребна документација и ќе ги исполнат критериумите од овој Правилник.

Барања ќе може да се поднесуваат и по завршувањето на Јавниот повик, доколку предвидените средства за оваа намена не бидат целосно исцрпени, но не подоцна од 30 ноември за календарската година.

За дополнително поднесување на барања Општината е должна да ја информира јавноста на својата веб страна дека јавниот повик е продолжен и по изминувањето на рокот за кој е објавен.

**Член 3**

Износот на финансиските средства за субвенционирање на купувањето на дигитален уред се определува со Одлука на Советот на Општина Крива Паланка за секоја година посебно.

Финансиските средства определени за оваа намена ќе се доделуваат до нивното целосно исцрпување од Буџетот на Општината за секоја година посебно.

**Член 4**

Со цел да се реализира Одлуката на Советот за определување на максималниот износ за доделување на субвенција за купување на дигитален уред за студенти, Општината објавува Јавен повик.

1.Јавниот повик ќе биде објавен на веб страната на Општина Крива Паланка (www.krivapalanka.gov.mk);

2.Јавниот повик ќе трае од 01 јуни до 01 октомври во тековната година;

3.За времетраењето на Јавниот повик, јавноста ќе биде известувана за степенот на искористување на предвидените средства за субвенционирање на набавката на дигитален уред, односно за исносот на преостанатите средства за таа намена.

**II ПРАВО НА УЧЕСТВО НА ЈАВНИОТ ПОВИК**

**Член 5**

Право на субвенционирање на дел од средствата за купување на дигитален уред имаат студенти од прва година, со адреса на живеење на подрачјето на општина Крива Паланка, кои ги исполнуваат следните услови:

- да спаѓаат во категоријата на млади дефинирани во член 3 од Законот за младинско учество и младински политики („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.10/20);
- да студираат на јавните и приватните универзитети и високо образовните установи во Република Северна Македонија;
- да се редовни студенти;
- да не повторувале година во студирањето;

- да имаат положено 70% од предвидените испити за првата студиска година

(Студентите кои студираат во јавните и приватните универзитети и високообразовните установи каде вкупниот број на предвидени испити за студиската (прва) година е помалку од 10 (десет) испити, за критериумот да имаат положено 70% од предвидените испити ќе се земе критериумот да имаат положено 2 (два) испити помалку од вкупно предвидениот број на испити);

- дигиталниот уред да е набавен на територијата на Република Северна Македонија во периодот на запишување на првата студиска година;

- претходно да немаат користено средства од буџетот на Општината за купен дигитален уред;

Сите млади кои во периодот на објавување на Јавниот повик ги исполнуваат овие услови имаат право да конкурираат за финансиска поддршка за субвенционирање на дел од средствата за купување на дигитален уред.

## III ПОСТАПКА, НАЧИН И УСЛОВИ ЗА КОРИСТЕЊЕ НА ФИНАСИСКИ СРЕДСТВА

**Член 6**

За утврдување на исполнувањето на условите за доделување на финансиските средства согласно овој Правилник, Градоначалникот на Општина Крива Паланка, од редот на вработените во општинската администрација, формира Комисија составена од 5 (пет) члена заради спроведување на постапката за субвенционирање на студенти жители на подрачјето на Општина Крива Паланка за купување на дигитален уред.

**Член 7**

Барателот е должен да ја поднесе следната документација за потврда на исполнувањето на условите за добивање на финансиски средства:

- барање за финансиски средства (барањето може да се подигне во Архивата на Општина Крива Паланка или да се обезбеди од интернет страницата на Општината www.krivapalanka.gov.mk);
- потврда за редовен студент;
- уверение за положени испити и УППИ образец;
- фотокопија на важечка лична карта или патна исправа на барателот;
- фотокопија од активна трансакциска сметка на барателот/примач на средствата;
- доказ дека е извршено купување на дигитален уред на територијата на Република Северна Македонија со прилагање на оригинал фискална сметка или фактура заедно со извод од соодветна деловна банка, сметајќи го периодот на запишување во првата студиска година на барателот;

- изјава од барателот дека нема користено средства од буџетот на Општината за купување на дигитален уред;

Едно лице – студент, кое што ги исполнува условите, согласно овој Правилник има право за добивање на финаснистки средства за субвенционирање само за еден дигитален уред.

**Член 8**

Барањето за финансиски средства за субвенционирање на купување на дигитален уред, заедно со целокупната потребна документација, се поднесуваат до Комисијата во затворен плик преку Архивата на Општина Крива Паланка, секој работен ден во периодот од 08.00 до 15.00 часот.

Архивата на Општина Крива Паланка примените барања ги евидентира по деловоден број.

На затворениот плик задолжително треба да е наведена дознаката „Јавен повик за субвенционирање на младите студенти на подрачјето на Општина Крива Паланка за купување на дигитален уред’’.

**Член 9**

По завршување на Јавниот повик Претседателот на комисијата свикува состанок на кој се разгледуваат пристигнатите барања. Комисијата врз основа на поднесеното барање и поднесената прилог документација утврдува исполнување, односно неисполнување на условите за користење на финансиски средства, за што изготува Записник.

Некомплетните барања нема да бидат разгледувани од страна на Комисијата.

**лен 10**

Врз основа на доставената документација и спроведената постапка, Комисијата го утврдува исполнувањето на условите предвидени во овој Правилник и доставува предлог до Градоначалниот на Општина Крива Паланка за одобрување на барањето за финансиски средства за надоместување на дел од трошоците направени при набавка на дигитални уреди.

Градоначалникот на предлогот на Комисијата донесува Решение за одобрување на Барањето на оние baratели кои ги исполниле условите предвидени со овој Правилник и Јавниот повик.

Комисијата ги известува барателите кои немаат доставено уредна и комплетна документација, согласно на овој Правилник и им ја враќа истата документација во прилог на известувањето.

Градоначалникот на Општина Крива Паланка на предлог на Комисијата донесува Решение за одбивање на Барањето на оние баратели кои не ги исполниле условите предвидени со овој Правилник и Јавниот повик.

Против Решението на Градоначалникот не е дозволена посебна жалба.

**IV ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ**

**Член 11**

Општина Крива Паланка, преку Одделението за јавни дејности, економски развој и информатичка технологија при Секторот за општи и правни работи, финансиски прашања и локален економски развој има обврска да ги чува документите кои ќе бидат доставени во прилог на поднесените барања од физичките лица во период од најмалку 5 години, како и да води уредна евиденција на сите доставени барања од физичките лица за користење на финансиски средства од Буџетот на Општина Крива Паланка, согласно овој Правилник, како и на сите донесени Решенија од страна на Градоначалникот на Општина Крива Паланка.

**Член 12**

Овој Правилник стапува во сила со денот на донесувањето, а истиот ќе се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

**Бр. 09- 379/7**
**30.01.2023година**
**Крива Паланка**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**Претседател**
**Изабела Павловска с.р**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02) и член 23 од Статутот на Општина Крива Паланка („Службен гласник на Општина Крива Паланка“ бр.8/10), Градоначалникот на Општина Крива Паланка, донесе

**З А К Л У Ч О К**

**за објавување Правилник за уредување на условите ,начинот и постапката за користење на финансиски средства од Буџетот на Општина Крива Паланка за сувенционирање на студенти жители на Општина Крива Паланка за купување на дигитален уред**

1.Се објавува Правилник за уредување на условите ,начинот и постапката за користење на финансиски средства од Буџетот на Општина Крива Паланка за сувенционирање на студенти жители на Општина Крива Паланка за купување на дигитален уред,што Советот ја донесе на 20-та седница, одржана на ден 30.01.2023 година

2. Одлуката да се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

3. Заклучокот влегува во сила од денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

**Бр. 08 –379 /8**
**31.01.2023 год.**
**Крива Паланка**

**ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**Градоначалник,**
**Сашко Митовски с.р**

Врз основа на член 36 став (1) точка (15) од Законот за локална самоуправа (“Службен весник на Република Македонија“ бр.05/02), член 14 став (1) точка (40) од Статутот на Општина Крива Паланка („Службен гласник на Општина Крива Паланка” бр. 08/10, 08/14, 02/18, 03/19 и 08/21), Програмата за млади на Општина Крива Паланка за 2023 година бр.09-4665/33 од 07.12.2022 година, а согласно на член 3 од Правилникот за уредување на условите, начинот и постапката за користење на финансиски средства од буџетот на Општина Крива Паланка за субвенционирање на студенти жители на Општина Крива Паланка за купување на дигитален уред бр.09-379/7 од 30.01.2023 година, Советот на Општина Крива Паланка на седницата одржана на ден 30.01.2023 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за определување на максимален износ на финансиски средства за доделување на поединечна субвенција за студенти за купен дигитален уред за учебната/академската 2022 - 2023 година**

**Член 1**

Со оваа Одлука се определува максималниот износ на финансиските средства за доделување на поединечна субвенција за студенти за купен дигитален уред за учебната/академската 2022 - 2023 година на оние студенти кои спаѓаат во категоријата на млади, согласно член 3 од Законот за младинско учество и младински политики („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.10/20), кои се со адреса на живеење на подрачјето на Општина Крива Паланка.

**Член 2**

Максималниот износ на финансиските средства за поедничена субвенција за студенти за купен дигитален уред по лице се определува во износ од 50% од вредноста на дигиталниот уред, но не повеќе од 6.000,оо (шест илјади) денари во нето износ.

**Член 3**

Финансиските средства од член 2 на оваа Одлука се обезбедени од Буџетот на Општина Крива Паланка за 2023, програма АО, ставка 464990 во вкупен износ од 300.000.оо (триста илјади) денари и истите се доделуваат се до нивното целосно искористување, но не подоцна од 30 ноември 2023 година.

**Член 4**

Начинот и постапката за доделување на поединечна субвенција на студент кое спаѓа во категоријата на млади за купен дигитален уред за учебната 2022-2023 година се утврдени со Правилникот за уредување на условите, начинот и постапката за користење на финансиски средства од буџетот на Општина Крива Паланка за субвенционирање на студенти жители на Општина Крива Паланка за купување на дигитален уред бр.09-379/7 од 30.01.2023 година, донесен од страна на Советот на Општина Крива Паланка.

**Член 5**

Оваа Одлука стапува во сила со денот на донесувањето, а истата ќе биде објавена во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

**Број 09-379/ 9** | **СОВЕТ НА ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**30.01.2023 година** | **Претседател**
**Крива Паланка** | **Изабела Павловска с.р**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02) и член 23 од Статутот на Општина Крива Паланка („Службен гласник на Општина Крива Паланка“ бр.8/10), Градоначалникот на Општина Крива Паланка, донесе

**З А К Л У Ч О К**

**за објавување Одлука за определување на максимален износ на финансиски средства за доделување на поединечна сувенција за студенти за купен дигитален уред за учебната /академската 2022/2023 година**

1.Се објавува Одлука за определување на максимален износ на финансиски средства за доделување на поединечна сувенција за студенти за купен дигитален уред за учебната /академската 2022/2023 година,што Советот ја донесе на 20-та седница, одржана на ден 30.01.2023 година

2. Одлуката да се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

3. Заклучокот влегува во сила од денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

**Бр. 08 –379 /10**
**31.01.2023 год.**
**Крива Паланка**

**ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**Градоначалник,**
**Сашко Митовски с.р**

Врз основа на член 36 став (1) точка (15) од Законот за локална самоуправа (“Службен весник на Република Македонија“ бр.05/02), член 14 став (1) точка (40) од Статутот на Општина Крива Паланка („Службен гласник на Општина Крива Паланка” бр. 08/10, 08/14, 02/18, 03/19 и 08/21), а согласно Програмата за млади на Општина Крива Паланка за 2023 година бр.09-4665/33 од 07.12.2022 година, Советот на Општина Крива Паланка на седницата одржана на ден 30.01.2023 година, донесе

# ПРАВИЛНИК ЗА УРЕДУВАЊЕ НА УСЛОВИТЕ, НАЧИНОТ И ПОСТАПКАТА ЗА КОРИСТЕЊЕ НА ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА ОД БУЏЕТОТ НА ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА ЗА СУБВЕНЦИОНИРАЊЕ НА МЛАДИ НЕВРАБОТЕНИ ЛИЦА ЖИТЕЛИ НА ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА ЗА КУПУВАЊЕ НА ДИГИТАЛЕН УРЕД

## ОПШТИ ОДРЕДБИ

**Член 1**

Со овој Правилник се уредуваат условите, начинот и постапката за користење на финансиски средства од буџетот на Општина Крива Паланка за субвенционирање на млади невработени лица жители на Општина Крива Паланка за купување на дигитален уред.

Одредени термини употребени во овој Правилник го имаат следното значење:

„Млади“ се лица на возраст од 15 до 29 години

„Дигитални уреди“ се: десктоп компјутер, преносен компјутер, односно лаптоп или таблет

„Невработено лице“ е евидентирано лице кое не е вработено, активно бара работа и ги исполнува условите според Законот за вработување и осигурување во случај на невработеност.

**Член 2**

Право на користење на финансиски средства од буџетот на Општина Крива Паланка, согласно овој Правилник, имаат физички лица кои се жители на Општина Крива Паланка и спаѓаат во категоријата на млади дефинирани во член 3 од Законот за младинско учество и младински политики („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.10/20), а кои се евидентирани како невработени лица во Агенцијата за вработување на Република Северна Македонија.

Со цел да се реализира Одлуката на Советот за определување на максимален износ на бројот и висината на субвенциите за млади невработени лица жители на Општина Крива Паланка за купување на дигитален уред, Општина Крива Паланка објавува Јавен повик.

Јавниот повик ќе биде објавен на веб страната на Општина Крива Паланка (www.krivapalanka.gov.mk).

Сите млади кои во тековната година на објавување на Јавниот повик ќе ги исполнат критериумите од овој Правилник имаат право да конкурираат за финансиски средства за субвенционирање на дел од средствата за купување на дигитален уред.

## ПРИЈАВУВАЊЕ НА ЈАВНИОТ ПОВИК

**Член 3**

За пријавување за субвенционирање на дел од средствата за купување на дигитален уред и за докажување дека се исполнети условите за учество на Јавниот повик, барателот до Општина Крива Паланка треба да достави:

- **барање** за финансиски средства за субвенција за купување на еден дигитален уред (*барањето може да се подигне во Архивата на општина Крива Паланка или да се обезбеди од интернет страницата на општина Крива Паланка:* www.krivapalanka.gov.mk);
- фотокопија на важечка лична карта или важечка патна исправа на барателот;

- документ (потврда) дека лицето е евиденирано како невработено лице, како и периодот за кој е евидентирано како невработено лице (*документот се издава од страна на Агенцијата за вработување на Република Северна Македонија и истиот треба да биде издаден со датум за периодот додека трае Јавниот повик*);
- доказ дека е извршено купување на дигитален уред на територијата на Република Северна Македонија со прилагање на оригинал фискална сметка или фактура заедно со извод од соодветна деловна банка;
- фотокопија од активна трансакциска сметка на барателот;
- изјава од барателот дека нема користено средства од буџетот на Општина Крива Паланка за купување на дигитален уред во претходните 5 (пет) години;

Едно лице може да поднесе само едно Барање за добивање на финансиски средства за субвенционирање за купување на еден дигитален уред.

Барањата за субвенционирање на младите невработени лица жители на општина Крива Паланка за купување на дигитален уред, заедно со целокупната потребна документација, се доставуваат до соодветната Комисија во затворен плик, преку Архивата на Општина Крива Паланка, секој работен ден од 08:00 до 15:00 часот.

На затворениот плик задолжително треба да е наведена дознаката „Јавен повик за субвенционирање на млади невработени на подрачјето на Општина Крива Паланка за купување на дигитален уред“.

## НАЧИН НА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ЈАВНИОТ ПОВИК

**Член 4**

Јавниот повик ќе трае 30 календарски дена од денот на објавувањето на официјалната веб страна на Општина Крива Паланка, а во истиот врз основа на Одлука на Советот на Општина Крива Паланка ќе бидат определени бројот на субвенции и висината на поединечна субвенција.

За утврдување на исполнувањето на условите за доделување на финансиските средства согласно овој Правилник, Градоначалникот на Општина Крива Паланка, од редот на вработените во општинската администрација, формира Комисија составена од 5 (пет) члена заради спроведување на постапката за субвенционирање на млади невработени лица жители на подрачјето на Општина Крива Паланка за купување на дигитален уред.

Комисијата е должна да ги разгледа сите барања за субвенционирање на млади невработени лица жители на општина Крива Паланка за купување на дигитален уред, а кои се доставени во периодот на времетраењето на објавениот јавен повик.

Во случај на повеќе поднесени барања во однос на определениот број на субвенции, предност ќе има барателот кој е евидентиран како невработен подолг временски период во Агенцијата за вработување на Република Северна Македонија.

Лицата кои нема да бидат субвенционирани, ќе бидат писмено известени и нивните документи ќе им бидат вратени.

## НАЧИН НА ОСТВАРУВАЊЕ НА ПРАВОТО НА НАДОМЕСТОК

**Член 5**

Врз основа на доставената документација и спроведената постапка, Комисијата го утврдува исполнувањето на условите предвидени во овој Правилник и доставува предлог до Градоначалниот на Општина Крива Паланка за одобрување на барањето за финансиски

средства за надоместување на дел од трошоците направени при набавка на дигитални уреди.

Градоначалникот на предлогот на Комисијата донесува Решение за одобрување на Барањето на оние баратели кои ги исполниле условите предвидени со овој Правилник и Јавниот повик.

Комисијата ги известува барателите кои немаат доставено уредна и комплетна документација, согласно на овој Правилник и им ја враќа истата документација во прилог на известувањето.

Градоначалникот на Општина Крива Паланка на предлог на Комисијата донесува Решение за одбивање на Барањето на оние баратели кои не ги исполниле условите предвидени со овој Правилник и Јавниот повик.

Против Решението на Градоначалникот не е дозволена посебна жалба.

**ВИСИНА НА СУБВЕНЦИИ**

**Член 6**

Висината на субвенцијата за купување на дигитален уред за млади невработени лица, како и вкупниот број на субвенции се утврдува со Одлука на Советот на Општина Крива Паланка за секоја година пред објавување на Јавниот повик.

**ИСПЛАТА НА СУБВЕНЦИИ**

**Член 7**

Субвенцијата се пресметува и се исплаќа во денари.

Општина Крива Паланка пресметаниот износ на субвенцијата ја уплаќа на сметка на барателот кој ги исполнува условите наведени во Правилникот и Јавниот повик.

**ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ**

**Член 8**

Општина Крива Паланка, преку Одделението за јавни дејности, економски развој и информатичка технологија при Секторот за општи и правни работи, финасиски прашања и локален економски развој има обврска да ги чува документите кои ќе бидат доставени во прилог на поднесените барања од физички лица во период од најмалку 5 години, како и да води уредна евиденција на сите доставени барања од физички лица за користење на финансиски средства од Буџетот на Општина Крива Паланка, согласно овој Правилник, како и на сите донесени Решенија од страна на Градоначалникот на Општина Крива Паланка.

**Член 9**

Овој Правилник стапува во сила со денот на донесувањето, а истиот ќе биде објавен во Службен гласник на Општина Крива Паланка.

**Бр.09- 379/11**
**30.01.2023 година**
**Крива Паланка**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**Претседател**
**Изабела Павловска с.р**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02) и член 23 од Статутот на Општина Крива Паланка („Службен гласник на Општина Крива Паланка“ бр.8/10), Градоначалникот на Општина Крива Паланка, донесе

**З А К Л У Ч О К**

**за објавување Правилник за уредување на условите ,начинот и постапката за користење финсиски средства од Буџетот на Општина Крива Паланка за сувенционирање на млади невработени лица жители на Општина Крива Паланка за купување на дигитален уред**

1.Се објавува Правилник за уредување на условите ,начинот и постапката за користење финсиски средства од Буџетот на Општина Крива Паланка за сувенционирање на млади невработени лица жители на Општина Крива Паланка за купување на дигитален уред,што Советот ја донесе на 20-та седница, одржана на ден 30.01.2023 година

2. Одлуката да се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

3. Заклучокот влегува во сила од денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

**Бр. 08 –379 /12**
**31.01.2023 год.**
**Крива Паланка**

**ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**Градоначалник,**
**Сашко Митовски с.р**

Врз основа на член 36 став (1) точка (15) од Законот за локална самоуправа (“Службен весник на Република Македонија“ бр.05/02), член 14 став (1) точка (40) од Статутот на Општина Крива Паланка („Службен гласник на Општина Крива Паланка” бр. 08/10, 08/14, 02/18, 03/19 и 08/21), Програмата за млади на Општина Крива Паланка за 2023 година бр.09-4665/33 од 07.12.2022 година, а согласно на член 2 од Правилникот за уредување на условите, начинот и постапката за користење на финансиски средства од буџетот на Општина Крива Паланка за субвенционирање на млади невработени лица жители на Општина Крива Паланка за купување на дигитален уред бр.09-379/11 од 30.01.2023 година, Советот на Општина Крива Паланка на седницата одржана на ден 30.01.2023 година, донесе

**О Д Л У К А**

**за определување на максимален број на субвенции и максимален износ на средства за доделување на поединечна субвенција за млади невработени лица жители на Општина Крива Паланка за купување на дигитален уред за 2023 година**

**Член 1**

Со оваа Одлука се определува максималниот број на субвенции и максималниот износ на средствата за доделување на поединечна субвенција за млади невработени лица жители на Општина Крива Паланка за купување на дигитален уред за 2023 година, на оние невработени лица кои спаѓаат во категоријата на млади согласно член 3 од Законот за младинско учество и младински политики („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.10/20).

**Член 2**

Максималниот број на субвенции согласно Буџетот на Општина Крива Палнка за 2023 година се определува на вкупно 5 (пет) субвенции за купување на дигитален уред од страна на млади невработени лица жители на Општина Крива Паланка.

**Член 3**

Максималниот износ на средствата за доделување на поединечна субвенција за млади невработени лица жители на Општина Крива Паланка за купен дигитален уред по лице се определува во износ од 50% од вредноста на дигиталниот уред, но не повеќе од 9.000,оо (девет илјади) денари во нето износ.

**Член 4**

Финансиските средства од член 3 на оваа Одлука се обезбедени од Буџетот на Општина Крива Паланка за 2023, програма АО, ставка 464990 во вкупен износ од 50.000.оо (педесет илјади) денари.

**Член 5**

Начинот и постапката за доделување на поединечна субвенција на физичко лице кое спаѓа во категоријата на млади невработени за купен дигитален уред за 2023 година се утврдени со Правилникот за уредување на условите, начинот и постапката за користење на финансиски средства за субвенционирање на млади невработени лица жители на Општина Крива Паланка за купување на дигитален уред бр09-379/11 од 30.01.2023 година, донесен од страна на Советот на Општина Крива Паланка.

**Член 6**

Оваа Одлука стапува во сила со денот на донесувањето, а истата ќе биде објавена во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

**Број 09-379/13**
**30.01.2023 година**
**Крива Паланка**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**Претседател**
**Изабела Павловска с.р**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02) и член 23 од Статутот на Општина Крива Паланка („Службен гласник на Општина Крива Паланка“ бр.8/10), Градоначалникот на Општина Крива Паланка, донесе

**З А К Л У Ч О К**

**за објавување Одлука за определување на максимален број на сувенции и максимален износ на средства за доделување на поединечна сувенција на млади невработени лица жители на Општина Крива Паланка за купување на дигитален уред за 2023 година**

1.Се објавуваОдлука за определување на максимален број на сувенции и максимален износ на средства за доделување на поединечна сувенција на млади невработени лица жители на Општина Крива Паланка за купување на дигитален уред за 2023 година,што Советот ја донесе на 20-та седница, одржана на ден 30.01.2023 година

2. Одлуката да се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

3. Заклучокот влегува во сила од денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

**Бр. 08 –379 /14**
**31.01.2023 год.**
**Крива Паланка**

**ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**Градоначалник,**
**Сашко Митовски с.р**

Врз основа на член 36 став 1 точка 10 од Законот за локална самоуправа („Сл. Весник на Република Северна Македонија бр. 05/2002“), член 34 и 35 од Правилникот за сметководство на буџетите и буџетските корисници („Сл. Весник на Република Северна Македонија“ бр.28/03, 62/0608/09,175/11,101/2013) и член 14 став 1 точка 30 од Статутот на Општина Крива Паланка („Службен гласник на општина Крива Паланка“ бр.8/10,8/14,02/18,03/19 и 8/21), Советот на општина Крива Паланка на 20-тата седницата одржана на ден 30.01.2023 година, донесе:

**ОДЛУКА**

За усвојување на Извештајот од пописната комисија за извршениот редовен годишен попис на средствата со состојба на ден 31.12.2022 година

**Член 1**

Со оваа Одлука се усвојува во целост Извештајот на извршен попис на средствата со состојба на ден 31.12.2022 година број 09-357/1од 23.01.2023 година.

**Член 2**

Извештајот од Пописната комисија за извршениот попис на основни средства , ситен инвентар, побарувања, обврски и благајна на ден 31.12.2022 година, оригиналните пописни листи и пропратните документи за вршење попис за 2022 година заедно со оваа Одлука да се достават до Одделението за финансиски прашања.

**Член 3**

Одделението за финансиски прашања се задолжува да ги спроведе потребните сметководствени работи во согласност со Извештајот на пописната комисија за извршениот попис со состојба на ден 31.12.2022 година.

**Член 4**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во “Службен гласник” на општина Крива Паланка.

**Број 09-379/15**
**30.01.2023 г.**
**Крива Паланка**

**Совет на Општина Крива Паланка**
**Претседател,**
**Изабела Павловска с.р**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02) и член 23 од Статутот на Општина Крива Паланка („Службен гласник на Општина Крива Паланка“ бр.8/10), Градоначалникот на Општина Крива Паланка, донесе

**З А К Л У Ч О К**

**за објавување Одлука за усвојување на Извештај од пописната комисија за извршениот редовен годишен попис на средствата со состојба на ден 31.12 2022 година**

1.Се објавуваОдлука за усвојување на Извештај од пописната комисија за извршениот редовен годишен попис на средствата со состојба на ден 31.12 2022 година ,што Советот ја донесе на 20-та седница, одржана на ден 30.01.2023 година

2. Одлуката да се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

3. Заклучокот влегува во сила од денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

**Бр. 08 –379 /16**
**31.01.2023 год.**
**Крива Паланка**

**ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**Градоначалник,**
**Сашко Митовски с.р**

Врз основа на член 20-б став 1 алинеја 2 и 3 и став 2 од Законот за вработени во јавниот сектор ( Службен весник на РМ бр.27/14, 199/14, 27/16, 35/18 и 198/18), а во врска со член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа ( Службен весник на РМ бр.5/02) и член 14 став 1 точка 11 и 41 од Статутот на Општина Крива Паланка (Службен гласник на Општина Крива Паланка бр.08/2010, 08/2014, 02/2018, 03/2019, 08/2021), Советот на Општина Крива Паланка на седницата одржана на ден 30 .01.20223 година

**О Д Л У К А**

**ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА ИЗМЕНАТА НА ГОДИШНИОТ ПЛАН ЗА ВРАБОТУВАЊЕ ЗА 2023 ГОДИНА НА ЛУ ГРАДСКИ МУЗЕЈ КРИВА ПАЛАНКА**

Член 1

Со оваа одлука Советот на Општина Крива Паланка дава согласност на измената на Годишниот План за вработување за 2023 година на ЛУ Градски Музеј Крива Паланка

Член 2

